Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за дигитална трансформација
Ministria e transformimit dixhital
Бр. - Nr 09-1670/2
28.07.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

| Република Северна Македонија<br>Министерство за дигитална трансформација | **ОПСЕГ НА СИСТЕМОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПОТКУП (ССП)** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на документ** | ИМС.ССП.02 | | **Ревизија** | 01 | |
| **Тип на документ** | ОПСЕГ | | **Дата на усвојување** | | |
| **Класификација** | | | за внатрешна употреба | | |
| **Оригинал** | X | Контролирана копија | | Информационен | |

# ОПСЕГ НА ССП

| | Изработил: | Контролирал: | **Одобрил:** |
|---|---|---|---|
| Име | Марјан Патлицанковски | Гордана Клинчарова | **Стефан Андоновски** |
| Потпис | | | |
| Раб. место | Раководител на сектор за дигитални вештини и иновации | Државен секретар | **Министер за дигитална трансформација** |
| Дата | | | |

**Тековна верзија на документот:**

| Ревизија бр. | Креирана од (Име / должност) | Датум | Промени |
|---|---|---|---|
| | | | |

**Регистрирање на претходните промени во документот:**

| Ревизија бр. | Креирана од (Име / должност) | Датум | Промени |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

## 1. ВОВЕД

Овој документ го дефинира опсегот на системот за спречување на поткуп (во понатамошниот текст ССП, на Министерството за дигитална трансформација (во понатамошниот текст: Министерството).
Целта на овој документ е да се дефинираат делови од работењето на Министерството кои се во рамките на опсегот на ССП.
Овој документ е основата за проценка на усогласеноста со барањата на интернационалниот стандард ISO 37001:2025 и спроведување на ревизија на ССП системот.

## 2. ЗА МИНИСТЕРСТВОТО

Основано во 2024 година како стратешки потег кон забрзување на дигиталната трансформација на македонското општество, Министерството за дигитална трансформација е посветено на поттикнување на модерно, безбедно и инклузивно дигитално општество. Дигиталната трансформација, а особено развојот и користењето на е-услугите, претставува една од најефикасните алатки за борба против корупцијата и јакнење на доброто владеење.
Од самото основање во 2024 Министерството од повеќе аспекти ги унапредува политиките на добро владеење и транспарентност кои се клучни во борбата против корупцијата и во создавање на механизми на отчетна и одговорна јавна администрација. Министерството ја третира дигитализацијата како структурен механизам за интегритет, а не само како технолошко подобрување, бидејќи е-услугите директно ја намалуваат дискрециската моќ и човечкото влијание, го елиминираат непотребниот контакт со службениците и обезбедуваат транспарентни, стандардизирани постапки базирани на правила и јасни дигитални траги.
Министерството континуирано работи на зголемување на е-услугите за граѓаните и на датотеките на отворени податоци со унапредување на порталот за отворени податоци, но и преку поттикнување на институциите проактивно да објавуваат и ажурираат отворени податоци, што овозможува еднаков третман на сите корисници и значително намалување на ризиците од селективност и коруптивен притисок. Министерството дава клучна поддршка на националната платформа за интероперабилност, која овозможува безбедна размена на документи и податоци во реално време и автоматско прибавување информации по службена должност кое има клучно значење за идентификување на ризици, за аномалии и за обезбедување на надзор врз јавната администрација, а особено на трошењето на јавните пари. Како

еден од главните стратешки приоритети на Министерството е соработка и воспоставување заеднички стандарди за сајбер-безбедност. На тој начин Министерството значајно придонесува за спречување на корупцијата преку заштита на информациските системи и податоците од неовластен пристап, манипулација и злоупотреба, обезбедувајќи интегритет, доверливост и следливост на сите дигитални активности, како и етичка, безбедна и ефикасна употреба на ВИ. Преку контрола на пристап, логирање и аудит-траги, автоматизација на процесите и заштита на системите за пријавување неправилности, се намалува дискрециската моќ, се овозможува рано откривање на сомнителни активности и се зајакнува транспарентноста и довербата во институцијата, што претставува суштинска поддршка на Системот за спречување на поткуп согласно ISO 37001:2025

Ваквиот модел создава интегриран дигитален екосистем во кој институциите носат одлуки врз основа на податоци, а не дискреција, со што е-услугите стануваат практичен и мерлив инструмент за превенција на корупцијата и зајакнување на јавната доверба во институциите.

Амбициозните стратешки цели за целосна дигитална трансформација на јавната администрација, иако неопходни и оправдани, истовремено носат зголемени ризици од централизација на овластувањата, зголемена дискреција во донесувањето одлуки и концентрација на значителни финансиски средства, што поставува високо ниво на одговорност за самото Министерство, особено во однос на управувањето и трошењето на буџетските средства.

Оттука, имплементацијата на Систем за спречување на поткупот (ССП) согласно ISO 37001:2025 претставува логично надградување на улогата на Министерството во борбата против корупцијата и доброто владеење, но и за вградување на највисоки стандарди на одговорност и интегритет во самото Министерство.

Во тој контекст, воспоставувањето и доследната примена на Систем за спречување на поткупот согласно ISO 37001 претставува неопходен механизам за систематско управување со овие ризици, јакнење на транспарентноста и отчетноста, како и обезбедување институционални гаранции за интегритет во процесите на дигитална трансформација. ISO 37001:2025 обезбедува структурирана и проверлива рамка за управување со корупциските ризици, интерни контроли и отчетност, со што технолошките решенија се вградуваат во системски антикорупциски пристап.

Со воведување и независно сертифицирање на Министерството за ISO 37001:2025 на системот од страна на трети лица се додава кредибилитет на системот на управување, се осигурува дека организацијата спроведува ефикасна антикорупциска програма и процес за спречување на поткупот и се обезбедува заштита на имотот и ресурсите.

Со ваквиот пристап, Министерството се позиционира како лидерска институција во борбата против корупцијата, во согласност со националните приоритети, новата

Национална стратегија за борба против корупцијата и судир на интереси 2026-2030, Реформската агенда 2024-2028 и обврските од евроинтеграцијата. Овој чекор не значи само усогласување со европските стандарди, туку реално вградување на европските вредности: интегритет, транспарентност и отчетност во институционалната практика, со потенцијал да стане модел за целата јавна администрација.

Во Министерството во тек е процес на имплементација на Системот за управување со информациска сигурност. Предностите од комбинирање на двата стандарди ISO 37001:2025 со ISO/IEC 27001:2022 се повеќекратни, обезбедува штедење на ресурсите, информациската сигурност, доверба на корисниците и контрола на ризиците од поткуп.

## Контекст на организацијата

### Внатрешно влијание

Министерството е основано во 2024 година како стратешки потег кон забрзување на дигиталната трансформација на македонското општество, Министерството е посветено на поттикнување модерно, безбедно и инклузивно дигитално општество.

Во табелата подолу опишани се внатрешните фактори и барања на засегнатите страни во Министерството кои имаат влијание врз ССП системот.

| Внатрешни влијанија | Очекувања |
|---|---|
| Кабинет на Министер | Кабинетот на министерот има клучно значење во воведување, одржување и унапредување на ССП, бидејќи стандардот експлицитно ја нагласува одговорноста и посветеноста на највисокото раководство како клучен предуслов за ефективна превенција на корупцијата. Согласно Клаузулата 5 од стандардот – Лидерство: министерот и кабинетот имаат централна улога во утврдување на антикорупциската политика и спроведување на политиките на интегритет преку обезбедување ресурси, (персонал, финансии, технолошки алатки), воспоставување на антикорупциска организациска структура, (тимови за интегритет), интегрирање на антикорупциските мерки во сите процеси и нивоа на одлучување, вградување на антикорупциските цели во Стратешкиот и Годишните |

| Внатрешни влијанија | Очекувања |
|---|---|
| | планови, спроведување на годишна програма за специјализирани обуки на сите нивоа, управување со компетенции за ССП, планирање и спроведување на редовна внатрешна ревизија) и гарантирање дека системот функционира независно, без политички или институционални влијанија.<br>За кабинетот, имплементацијата на ISO 37001:2025 значи институционализирање на личната и политичката одговорност за интегритет, намалување на репутациските и правните ризици и јасна демонстрација на нулта толеранција кон корупција. Врвната посветеност се мери преку донесени одлуки засновани на редовна и ажурирана проценка на ризиците од поткуп, транспарентни процедури, управување со судири на интереси и ефективен надзор. Со оглед дека превенцијата на поткупот се разгледува како прашање на менаџмент, воведувањето и контрола над спроведувањето од страна на кабинетот подразбира дека менаџментот може да го контролира поткупот преку добри менаџерски политики. Имајќи ја стратешката определба и визија, во иднина целиот ССП може да биде дигитализиран, а со тоа полесно контролиран, следен и унапредуван. Управувачкиот тим се состанува најмалку еднаш годишно и по потреба почесто. |
| **Вработени во Министерството (раководно и оперативно ниво)** | Одговорноста за системот се протега низ секое ниво: стратешко, извршно и оперативно ниво. Секој има свои улоги и одговорности на кој начин системот практично се вградува во сите политики и е составен дел на секојдневното работење на Министерството.<br>Од Тимот за усогласеност (или интегритет) кој го сочинуваат Лицето за усогласеност и раководителите на сектори и одделенија) определени со Одлука на Министерот се очекува да го надгледува планирањето и спроведувањето на ССП, да дава совети и препораки на вработените и за прашања поврзани со поткуп и корупција генерално, да обезбедува усогласеност на системот со барањата на стандардот ISO 37001:2025, да известува за работењето на |

| Внатрешни влијанија | Очекувања |
|---|---|
| | системот пред врвното раководство, да соработува со него во случај на проблеми и потреби на системот (Тимот се состанува еднаш во 6 месеци)<br>Од вработените во сите организациски единици (оперативно ниво) на сите нивоа на одлучување се очекува да постапуваат во согласност со регулативата, со ССП политиките, процедурите и контролите како интегрален дел од секојдневното работење, активно да придонесуваат во идентификација и управување со ризици од поткуп во рамки на своите надлежности, особено во процесите поврзани со е-услуги, јавни набавки, ИКТ проекти и размена на податоци, да ги користат и почитуваат воспоставените механизми за заштитено пријавување во рамки на ССП без опасност од одмазда, да учествуваат во континуирани обуки и настани за подигање на свеста, да го поддржуваат системот како алатка за отчетност и транспарентност, преку доследна примена на дигитални, документирани и проверливи процеси. |
| **Барања на индустријата** | Воспоставувањето на ССП системот ќе обезбеди јасни, транспарентни и стандардизирани процедури, рамка за отчетност и усогласеност, сигурни канали за комуникација и пријавување нерегуларности, развој на силен индивидуален и институционален интегритет и јасни линии на одговорност на секое ниво на одлучување и усогласеност со регулативата, договорните обврски и меѓународните добри пракси. Ова ќе овозможи предвидлива и безбедна деловна средина, интегритет во јавните набавки и услуги, и активно учество на институциите од јавниот, приватниот и невладиниот сектор во колективната акција против корупцијата и градење на јавна доверба со демонстрирање дека се преземаат разумни и системски антикорупциски мерки. Дополнително, Министерството е ново без репутациски ризици што претставува одлична можност да се промовира реално и перципирано како чиста, етичка и отчетна средина |

## 3. ЦЕЛИ

Министерството одлучи да имплементира ССП со цел да воведе институционални и системски промени во правец на унапредување на културата на интегритет и спречување на поткуп внатре во организацијата, како и во односите со трети страни кои значително ќе ги надополнат националните закони и меѓународните антикорупциски политики и мерки, Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) и стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година. Истовремено, таквиот проактивен пристап на Министерството ќе обезбеди дополнително ниво на сигурност и доверба на граѓаните и на приватниот сектор (бизнис заедницата) дека институциите работат етички и одговорно. Ефикасното спроведување на системот креира инфраструктура на долготрајна колективна акција во борбата против корупцијата, бидејќи во имплементацијата ги вовлекува сите нивоа во организацијата, трети лица и деловните соработници. Овозможува превенцијата на корупцијата да биде систематски, континуиран, мерлив, транспарентен, комуниciран и контролиран процес не само од страна на организацијата, внатре, туку и од страна на деловните соработници, корисниците на услугите, цивилното општество, медиумите и целата јавност. Обезбедува антикорупциска стратешка ориентација на сите процеси, од проценка на ризиците од поткуп, до планирање и примена на контролите, па сè до менаџирање со инцидентите.

**Целите на ССП се документирани и утврдени се начини на кои тие цели ќе се оства-рат (што, со кои ресурси, кој ќе биде одговорен, кога ќе бидат остварени, како прогресот ќе биде следен и оценуван, кој ќе изрекува санкции за неспроведу-вањето);**

**Целите на ССП треба да се вградени во годишните планови, програми, политики на вработување, оценување, дисциплинска одговорност, подзаконски, регулаторни и договорни обврски, во прописите за информациска безбедност, во управувањето со сите документи.**

Главните цели на ССП се:

- Обезбедува системот да се имплементира врз основа на Интегрирана имплементирачка методологија за системи на управување и стандарди (IMS2). ISO 37001 и го применува процесот на *PDCA* (*plan-do-check-act* Планирај-Спроведи-Провери-Дејствувај) кругот;

- Обезбедува воспоставување на систем кој е пропорционален и прилагоден на големината, внатрешниот и надворешниот контекст на Министерството, како и со спроведената проценка на ризици која осигурува насочување на ресурсите кон мерки и контроли во областите, односите, процесите и проектите кои се највеќе изложени на ризици од поткуп;
- Обезбедува усогласеност со прописите и добрите практики и претставува доказ во една истрага дека Министерството презело системски превентивни антикорупциски мерки и контроли;
- Доведува до намалување на ризиците од корупција и судир на интереси;
- Осигурува промовирање антикорупциска култура внатре во Министерството и во односите со трети лица;
- Осигурува намалување на штетата од корупција и со тоа ги штеди јавните пари и ги насочува за развој на понапредни и побројни дигитални услуги за потребите на граѓаните, другите институции и приватниот сектор, за истражувања на цивилното општество, академијата, како и за поголем општествен надзор;
- Обезбедува одржување на доверливост, интегритет и расположливост на информациите на ССП, преку документирана информација, комуницирање на информациите за системот внатре и надвор од Министерството преку таргетирани обуки и настани за подигање на свеста за предностите од поседување на системот;
- Ќе обезбеди Министерството како модел на однесување да придонесе за воведување на слични пракси во други институции и за градење на институционална резистентност на корупцијата на ниво на целиот јавен сектор
- Овозможува градење и одржување на доверба со граѓаните и деловните партнери
- Обезбедува постигнување на усогласеност со правните, регулаторни и договорни барања.

Ефикасноста на ССП на Министерството е обезбедена преку силна поддршка од страна на управувачкиот тим, редовно одржување и операционализирање од страна на раководниот и оперативниот тим, како и сите вработени. Истиот претставува континуиран процес на следење и оценка на спроведувањето, редуцирање на неусогласеностите и постојано подобрување и менување согласно измените во легислативата, технологија и социолошки и културолошки контекст во кој функционира една институција. Воедно, институционалните политики против поткупот треба да бидат усогласени со политиките на целиот сектор и националните антикорупциски напори.

Треба да се нагласи дека воведувањето на систем за спречување на поткупот во Министерството не претставува гаранција дека нема да се појават случаи на корупција и поткуп. Сепак, тоа ја демонстрира посветеноста на Министерството и управувачкиот тим за ефективно и ефикасно управување со ризиците од корупција и поткуп, дека обезбедува соодветни ресурси за таа цел и да ги унапредува компетенциите и свесноста, знаењето и вештините на своите вработени да ја препознаат и спречат корупцијата.

ССП е базиран на стандардот ISO 37001:2025.

## 4. ОПСЕГ НА ССП

ССП Системот го адресира поткупот во јавен, приватен и непрофитен сектор, како и активностите на организацијата во однос на:
- поткуп даден од организацијата, вработените и деловните соработници кои работат во нејзина корист или интерес (активен поткуп);
- поткуп примен од страна на организацијата, вработените и бизнис соработниците кои работат во нејзина корист или интерес (пасивен поткуп); и
- директен и индиректен поткуп (преку трети лица).

Опсегот може да се прошири и на заштита од измами, антитрустови, картели и други кривични дела поврзани со злоупотреба на монополот, нарушување на конкуренцијата, перење пари или други активности поврзани со коруптивни пракси.

Следните делови од овој документ го одредуваат опсегот на ССП системот на Министерството според следните фактори:

- Сите организациски единици, деловни процеси, потпроцеси и активности на сите нивоа во Министерството кои врз основа на резултатот од проценка на ризици претставуваат повеќе од низок степен на поткуп: пр. процеси поврзани со креирање политики, регулатива, јавни набавки, управување со ИКТ проекти, дигитални платформи и е-услуги, размена и управување со податоци, финансии, човечки ресурси, доделување дозволи, лиценци и согласности, надзор и соработка со други институции и приватни субјекти;
- Сите физички локации;
- Централните дигитални платформи и е-услуги;
- Центри за е-услуги на граѓаните;
- Управата за водење на матичните книги;
- Секторите за сајбер-безбедност и за дигитални вештини и иновации;

- Во односите со други државни институции на централно и локално ниво;
- Корисници на дигиталните услуги и платформи што Министерството ги развива и одржува;
- Во соработката со ДКСК, особено во делот на спроведувањето на обврските од НССКСИ (2026-2030), заеднички обуки за политиките на интегритет и антикорупција, барање на мислења и совети, со Министерство за финансии (МФ) во однос на управувањето со ризици согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (ЗЈВФК), со главните институции во однос на креирање на контрола на јавните финансии, Биро за јавни набавки (БЈН), Државен завод за ревизија (ДЗР), како и со органите за спроведување на законот во однос на соработка во иницирање на сомнежи за корупција и ефективно процесуирање на случаите на корупција;
- Надворешни партнери кои имаат влијание врз одлуките на Министерството и кои имаат интерес од одлуките на Министерството (добавувачи, ИКТ компании, консултанти, проектни партнери и корисници на услуги, особено во контекст на јавни набавки, дигитални решенија и обработка на јавни податоци).

**Опсегот на ССП треба да биде подготвен како писмена изјава која ќе биде потпишана од Министерот и комуницирана внатре и надвор кон засегнатите страни.**
Опсегот може да претрпи измени во случај на измени во надворешната околина (правна, технолошка и нови сценарија на ризици од поткуп).

Опсегот на ССП претставува:
*Системот за спречување на поткупот (ССП) на Министерството за дигитална трансформација претставува систем на мерки и контроли засновани на идентификација, проценка и управување со ризиците од поткуп и корупција, развој на антикорупциска организациска структура, развој на интерни политики, процедури за судир на интереси, прием на подароци, безбедно пријавување, истрага и постапување по сомнежи, обуки, подигање на свеста и култура на интегритет, внатрешни ревизии, редовни проверки на менаџментот, следење оценка и континуирано подобрување на системот.*

## 5. ДЕЛОВНИ ПРОЦЕСИ

Деловните процеси во рамки на опсегот на ССП се:
- Кабинет на Министер,
- Внатрешна ревизија,

- Стратешко планирање,
- ИКТ системи,
- Поддршка и развој на информатичко општество,
- Сајбер безбедност,
- Комуникации,
- Дигитални вештини и иновации,
- Обуки,
- Стручно-оперативна и логистичка поддршка и управување со човечки ресурси,
- Нормативно-правни работи,
- Интеграција и меѓународна соработка,
- Јавни набавки,
- Финансиски прашања,
- Инспекциски надзор,
- Пристап до јавни информации,
- Спроведување испити.

Подетална информација за деловните процеси се наведени во Правилникот за внатрешна организација на Министерството за дигитална трансформација.

## 6. СТРУКТУРА НА ССП



Организацијата која сака да воспостави, имплементира, одржува и континуирано да го подобрува системот за спречување поткуп (ССП) мора да ги исполни барањата од членовите 4 до 10 на ISO 37001.

- Член 4 – Контекст на организацијата
- Член 5 – Лидерство
- Член 6 – Планирање
- Член 7 – Поддршка
- Член 8 – Операции
- Член 9 – Оценка на перформансите
- Член 10 – Подобрување

Контекст на организацијата (Член 4)

- Разбирање на организацијата и нејзиниот контекст (надворешни и внатрешни фактори што влијаат на постигнување на целите)
- Разбирање на потребите и очекувањата на заинтересираните страни
- Определување на опсегот на системот
- Воспоставување, имплементација, одржување и подобрување на ССП
- Проценка на ризици од поткуп (дефинирање критериуми, документирање и редовно ревидирање)

Лидерство (Член 5)

- Раководно тело: одобрување политика, обезбедување ресурси, усогласување стратегија
- Висок менаџмент: воспоставување, имплементација и подобрување на системот
- Политика против поткуп: усогласена со целите, содржи обврски и се комуницира
- Улоги и одговорности: јасно дефинирани и комуницирани
- Функција за усогласеност: советување и контрола на усогласеност
- Делегирање одлуки: без конфликт на интерес

Планирање (Член 6)

- Идентификација на ризици и можности
- Планирање активности за нивно управување
- Поставување мерливи цели усогласени со политиката

Поддршка (Член 7)

- Обезбедување ресурси
- Компетентен персонал

- Вработувачки процедури (дисциплински мерки)
- Обука и подигнување свест
- Комуникација (внатрешна и надворешна)
- Документирани информации (креирање, ажурирање и контрола)

Операции (Член 8)
- Планирање и контрола на процеси
- Должна проверка (*due diligence*)
- Финансиски и нефинансиски контроли
- Контроли кај поврзани организации
- Антикорупциски обврски
- Подароци, донации и бенефиции
- Управување со слабости во контроли
- Пријавување сомнежи (без одмазда)
- Истражување и постапување по случаи на поткуп

Оценка на перформанси (Член 9)
- Следење, мерење и евалуација
- Внатрешни ревизии
- Преглед од раководство
- Преглед од раководното тело
- Преглед од функцијата за усогласеност

Подобрување (Член 10)
- Неусогласености и корективни мерки
- Континуирано подобрување на системот

## 7. ПЛАНИРАЊЕ

Министерството го планира, воведува, имплементира, одржува и подобрува ССП системот заснован на ИСО 37001 користејќи ја рамката за имплементација како следи:
- PDCA модел (Планирај-Спроведи-Провери-Дејствувај)
- Планирај: политика, цели и процедури
- Спроведи: имплементација на контроли
- Провери: следење и евалуација
- Дејствувај: подобрување на системот




Министерството донесува писмен документ: План за спроведување на ССП (Прилог 1) во кој се поставени конкретни и мерливи цели поврзани со спречување поткуп со конкретни индикатори рокови, одговорни лица и мониторинг со план за спроведување (кој е одговорен, кои ресурси се потребни, рокови, како ќе се следи прогресот, кои податоци ќе се собираат како на пр. прашалници за вработени, надворешни корисници и сл.). Целите се мерливи и поврзани со спречување поткуп во согласност со процената на ризици од корупција од 6.1 (и 4.5) цели за спречување поткуп на релевантните функции и нивоа

Вообичаено овој план се врзува со Планот за ублажување на ризици и регистарот на ризици.

Стратешкиот план на Министерството се усогласува со целите за спречување на поткуп.

Годишна програма во која целите се преведуваат во активности и се поврзуваат со буџет и проекти.

Специфични цели за Министерството :

1. Дигитални процеси и транспарентност
   - Зголемување на транспарентност преку дигитални услуги

- Намалување на човечки контакт го редуцира ризикот од поткуп

2. ИТ јавни набавки
   - Намалување на ризици од поткуп во ИТ тендери
   - Зголемување на контроли во технички спецификации

3. Управување со податоци
   - Спречување злоупотреба на податоци (пристап, манипулација)
   - Контрола на пристапи до системи

4. Дигитални алатки за антикорупција
   - Воведување дигитален анонимен систем за пријавување (свиркачи)
   - Евиденција и следење на ризици

5. Интегритет во дигитални проекти
   - Контроли во развој на ИТ системи
   - Следење на надворешни добавувачи

## 8. ИНФОРМАЦИИ

За ИСО 37001:2025 информацијата претставува примарен имот на институцијата. Системот за спречување на поткупот заснован на ИСО 37001:2025 во Министерството треба да ја вклучи целата документирана информација која се однесува на воспоставување, спроведување и подобрување на системот согласно неговите надлежности. Тоа претставува формален доказ дека системот е воспоставен, се спроведува и се одржува на конзистентен и проверлив начин, а документацијата е соодветно креирана, контролирана, заштитена од губење, злоупотреба и неовластен пристап. Истата треба да биде во обем којштo треба да биде пропорционален со ризиците и големината на институцијата (тоа подразбира да не биде преобемна и тешка за управување).

За Министерството дополнително, со оглед на неговата носечка улога во дигиталната трансформација на државата, оваа документирана информација треба да биде складирана интерно во точка за споделување, облак, а важечките верзии во ЕДМС со цел системот да биде дигитален, интероперабилен, контролиран и следлив со јасни траги, но првенствено лесен за употреба за вработените и достапен за трети заинтересирани лица.

Воедно, потребно е да се утврди и соодветно контролира релевантната надворешна документирана информација што се смета за неопходна за планирање и функционирање на ССП.

Информациите вклучени во опсегот на ССП меѓу другите вклучуваат:

- политика за спречување на поткупот, целите, опсегот на ССП
- политика за посветеност од највисокото раководство со одлуки за дефинирање на улоги, одговорности и линии на отчетност на лицето за усогласеност со ССП и тимот за интегритет, на раководителите на организациските единици, други вработени за реализација на мерките согласно надлежностите
- извештај за проценка на ризик од поткуп, регистер на ризици согласно ЗЈВФК
- информации поврзани со јавни набавки, договори и управување со ИКТ проекти;
- информации за управување со податоци, интероперабилност и пристап до регистри;
- регистри на донации, спонзорства, подароци, регистер на приватни интереси на вработени и блиски лица, евиденции за трети лица (добавувачи, консултанти, ИКТ компании)
- извештаи за извршени финансиски и нефинансиски контроли
- интерни процедури за вршење на контроли, внатрешна ревизија, одобренија
- извештаи од внатрешни ревизии
- политика за интегритет на ДКСК
- извештаи за следење, оценка и редовен надзор од страна на управувачкиот тим
- информации за усогласеност со релевантната регулатива и интерни правила.
- пријави за сомнеж за корупција, поткуп (пријави на укажувачи)
- извештаи од интерни истраги и преземени мерки по примени пријави
- евиденции за дисциплински постапки за прекршување на ССП
- извештаи за преземени корективни активности по утврдени неусогласености
- податоци за спроведени обуки, досиеја за компетенции, тренинг досиеја на вработени и раководство
- материјали од настани за подигање на свеста и етичко однесување.
- извештаи од оценка на менаџментот и донесени одлуки по повод оценката (постојано подобрување или доколку е потребно измени во процедурите и целите на ССП)
- мерки за заштита на лични и доверливи податоци
- дигитални траги, логови и автоматизирани предупредувања поврзани со ризици

- досиеја на вработени
- договори со трети страни
- извештаи за спроведени длабински проверки (*due diligence*) на посебни категории на операции, проекти или активности; планирани или тековни односи со партнери или изведувачи/добавувачи, посебни категории на персонал на одредени позиции
- процедура за определување во однос на кои деловни партнери, во разумна мерка и пропорционално на проценка на ризиците од корупција ќе се бара да го имплементираат ССП или да преземат сопствени антикорупциски контролни мерки

## 9. ПРАВНИ БАРАЊА И ПОВРЗАНИ ДОКУМЕНТИ

Законските барања се идентификувани во рамките на ССП:

- https://mdt.gov.mk/mk-MK/regulativa/zakoni
- https://mdt.gov.mk/mk-MK/regulativa/vazecki-strategii
- Политика за интегритет https://mdt.gov.mk/mk-MK/regulativa/propisi
- Годишен План 2025
- Стратешки План 2025-2027
- https://mdt.gov.mk/mk-MK/klucni-aktivnosti/planovi-i-izvestai
- Националната Стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2026-2030 ( во изработка) и документите на ДКСК
- https://dksk.mk/mk/
- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола
- https://finance.gov.mk/mk-MK/zakoni-i-propisi/javna-vnatresna-finansiska-kontrola

## 10. ЛОКАЦИЈА И ИНФРАСТРУКТУРА

ССП системот ги опфаќа следните локации на Министерството:

- Главна локација – Министерство за дигитална трансформација, ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје.

1. **ЕТУ Скопје**
   Адреса: кеј „Димитар Влахов“ бб, Скопје - Центар
2. **ЕТУ Куманово**
   Адреса: плоштад „Маршал Тито“ бб, Куманово
3. **ЕТУ Тетово**
   Адреса: ГТЦ локал 90/1, 1 кат, Тетово

4. **ЕТУ Битола**
   Адреса: ул. „ Столарска“ бб, Комплекс Безистен, Битола
5. **ЕТУ Охрид**
   Адреса: ул. „Димитар Влахов“ бб, Охрид
6. **ЕТУ Аеродром**
   Адреса: бул. „Јане Сандански“ бр.70, локал 1, Скопје - Аеродром
7. **ЕТУ Јегуновце**
   Адреса: ул.„101“ бб, Јегуновце
8. **ЕТУ Штип**
   Адреса: ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, Штип
9. **ЕТУ Кавадарци**
   Адреса: ул. „Благој Крстиќ “ бр. 3/2, Кавадарци
10. **ЕТУ Виница**
    Адреса: ул. „Маршал Тито“ бр. 13, Виница
11. **ЕТУ Свети Николе**
    Адреса: плоштад „Илинден“ бб, Свети Николе
12. **ЕТУ Неготино**
    Адреса: ул. „Маршал Тито“ бр.192, Неготино
13. **ЕТУ Делчево**
    Адреса: бул. „Методи Митевски Брицо“ к1, Делчево
14. **ЕТУ Крушево**
    Адреса: ул. „Илинденска“ бб, Крушево
15. **ЕТУ Струмица**
    Адреса: ул. „Струмицаски бранители“ бб, Струмица
16. **ЕТУ Прилеп**
    Адреса: ул. „Прилепски бранители“ бб, Прилеп
17. **ЕТУ Гази Баба**
    Адреса: ул. „Антон Попов“ бб, Скопје – Гази Баба
18. **ЕТУ Кочани**
    Адреса: ул. „Маршал Тито“ бр. 29, Кочани

Министерството е корисник на канцелариските простори на централна локација доделени со одлука на Владата на РСМ, а другиот имот на Министерството е изнајмен или отстапен на користење преку договори или меморандуми за соработка. Министерството ја обезбедува физичката безбедност на своите канцелариски простории и хардверската опрема во рамките на ИМС системот.

| ![Република Северна Македонија, Министерство за дигитална трансформација] | ОПСЕГ НА СИСТЕМОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПОТКУП (ССП) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на документ** | ИМС.ССП.02 | | **Ревизија** | 01 | |
| **Тип на документ** | ОПСЕГ | | **Дата на усвојување** | | |
| **Класификација** | | | за внатрешна употреба | | |
| **Оригинал** | X | Контролирана копија | | Информационен | |

## 11. ВРАБОТЕНИ

Организациската шема на Министерството е прикажана на сликата подолу. Организациската шема подолу ја прикажува организациската структура и организациските единици кои се во рамките на ИМС системот.

**ОРГАНОГРАМ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА**



Вкупниот број на вработени во Министерството е сто педесет и пет (155) лица. Сите вработени и сите организациски единици се формално во рамките на делокругот и сите ја носат одговорноста за безбедноста на информациите на Министерството.

## 12. ОДДРЖУВАЊЕ НА ССП

Министерството спроведува редовно одржување на воспоставениот ССП систем. Одржувањето на системот е обврска и одговорност на повеќе нивоа на одлучување. Прегледот од раководството овозможува анализа и, доколку е потребно, преземање на неопходни измени во системот за спречување на поткупот, оценување на степенот на остварување на целите и задачите, како и обезбедување континуирано унапредување.

При прегледот, врвното раководство ги зема предвид:

- статусот на активностите преземени врз основа на резултатите од претходните прегледи
- промените во внатрешните и надворешните прашања кои се релевантни за ССП
- информациите за индикаторите и перформансите, како што се: неусогласености и корективни мерки, препораки за унапредување; резултати од следење и оценка, резултати од ревизии, пријави за корупција/поткуп резултати од истраги, природата и степенот на ризиците, ефективноста на мерките преземени за елиминирање на корупциските ризици, можностите за континуирано унапредување на системот за спречување на поткуп.

Тимот за усогласеност (интегритет) утврден со одлука на Министерот редовно го следи спроведувањето на системот и доколку утврди неусогласености веднаш реагира, презема мерки за контрола и отстранување на последиците, ги анализира причините и спроведува соодветни корективни активности со цел спречување на нивно повторување. Сите корективни мерки се пропорционални на утврдените последици, а релевантната документирана информација се чува како доказ, во согласност со барањата на ISO 37001:2025.

Континуираното унапредување на системот се обезбедува преку редовни прегледи од врвното раководство, вонредни анализи, тестови, вежби како и од добиените информации од Тимот за усогласеност за следење на антикорупциските цели на Министерството. Врз основа на овие влезни податоци се планираат и спроведуваат корективни и подобрувачки активности насочени кон зајакнување на ефективноста на системот и намалување на корупциските ризици.

Целата клучна документација редовно се прегледува од страна на одговорни лица. Во рок од три години, секој составен дел од документацијата мора да биде прегледан и ревидиран најмалку еднаш.

Прилог: План за имплементација на ССП

| Бр. | Цел | Индикатор | Активности | Одговорен | Рок | Ресурси | Следење и Оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Усогласеност со законска и регулаторна рамка | % на усогласени процеси | Ревизија на процедури, ажурирање документи | Правна служба/ Лице за усогласеност со ССП | Годишно | Внатрешни ресурси | Внатрешна ревизија |
| 2 | Намалување на ризик од поткуп | Број на идентификувани и третирани ризици | Проценка на ризици, имплементација на контроли | Лице за усогласеност со ССП | Годишно / континуирано | Обуки, алатки | Извештаи до менаџмент |
| 3 | Зголемување на свеста и антикорупциска култура | % обучени вработени | Организација на обуки и кампањи | ЧР/Лице за усогласеност со ССП | 1-2 пати годишно | Буџет за обуки | Евалуација на обуки |
| 4 | Ефективно функционирање на системот за пријавување | Број на пријави и време на обработка | Воспоставување и промоција на механизам за пријавување | Лице за усогласеност со ССП/ИТ | Континуирано | ИТ алатки | Анализа на пријави |

## 13. НАДВОРЕШНИ СТРАНИ/ПАРТНЕРИ

Лицата во Министерството кои се одговорни за односи со надворешни/засегнати страни и партнери ја анализираат и ажурираат листата на значајни засегнати страни на годишна основа. Барањата и очекувањата на засегнатите страни се анализираат најмалку еднаш годишно.

Надворешни партнери чии услуги се релевантни за деловните процеси во опсегот на ССП:

| Партнер | Опис на услуга |
|---|---|
| Влада на РСМ, Заменик Претседател на Владата за политики на добро владеење и Министерството за европски прашања | Развој и унапредување на политиките и мерките за спречување на корупција согласно националните приоритети и меѓународни обврски поврзани со евроинтеграцискиот процес (Реформска Агенда и План за Раст) |
| Државни институции (ДКСК, ДЗР, БЈН, МФ, надлежни инспекторати, други институции корисници на Националната платформа за интероперабилност и за отворени податоци) | Соработка и развој на координативни механизми во надзор над примена на законодавството и стратешките документи за добро владеење, транспарентност и спречување корупција, развој и унапредување на активностите, мерките, контролите за спречување на корупција и унапредување на политиките на интегритетот, законито, отчетно и одговорно управување со јавните финансии (размена на информации, користење на националната платформа за интероперабилност) |
| Јавно обвинителство, органи за спроведување на законот (МВР, Финансиска полиција, Управа за финансиско разузнавање), судови | Надзор над примената на законодавството за спречување на корупција, соработка во врска со постапување по пријави за корупција; размена на информации релевантни за ризици и случаи со цел за усогласени напори во ефективно процесуирање на случаи на корупција |
| Надворешни ревизори, граѓански организации и медиуми | Надзор и јавна контрола: Надворешна независна ревизија на процесите со зголемен корупциски ризик (јавни набавки, ИКТ договори, донации), проверка на ефикасноста на интерните контроли, анализи за функционирање на системот со наоди и препораки |
| Деловни партнери, добавувачи | Обезбедување на законски и транспарентни јавни набавки: потпишување на изјави за интегритет и придржување кон ССП, подложност на должна проверка, усогласување со антикорупциските клаузули во договорите, учество во транспарентни и контролирани постапки за јавни набавки (развој на посебни етички кодекси за јавни набавки) |

| Партнер | Опис на услуга |
|---|---|
| | |
| Технолошки и ИКТ сервис добавувачи | Со оглед на клучната улога на Министерството во севкупната дигиталната трансформација особено е значењето на овие партнери во одржување на дигиталната инфраструктура за Министерството, интероперабилноста со другите институции, поради што истите имаат голема улога во јакнење на бизнис интегритетот, управувањето со ризиците поврзани со пристап до информациите, усогласување со антикорупциските клаузули, спречување на потенцијални судир на интереси преку обврска за длабински проверки |
| Експерти, академска заедница | Техничка и експертска помош за усогласување со меѓународни стандарди, изработка на методологии за следење и оценка на системот, спроведување на скроени обуки за персоналот и трети лица, спроведување на истражувања поврзани со дигитализација и дигитален интегритет; |
| Граѓаните и корисници на дигитални услуги | Постапување кое е усогласено со законите, транспарентност, законито спроведување на постапките за јавни набавки, подеднакво за сите добавувачи, зголемување на бројот и квалитетот на дигиталните услуги кои го скратуваат времето на чекање, го намалуваат контакт со јавната администрација со што доведуваат до намалување на можностите од коруптивен притисок и намалување на дискриминација поради користење на влијанија за добивање на јавната услуга. Пожелно е да функционира и канал за пријавување на корупција и други незаконитости во однос на услугите од надлежност на Министерството |